## ПОДГОТОВКИ ЗА ДЕН НА ДРВОТО

Пролетниот дел од годинашната акција „ДЕН НА ДРВОТО“, ќе се одржи кон крајот на март. Вака е заклучено на седница на Управниот одбор на ЗЕЛС. Зависно од големината на општината и бројот на жителите, обезбедени се доволен број задници што ќе бидат посадени во урбани средини - дворови на јавни установи, училишта, градинки и други локации што ќе ги утврди општината. Односно, задниците ќе бидат расподелени по општини според критериумот, 40% според бројот на жителите и 60% според површината на општината. Садниот материјал ќе се состои од: чемпрес, багрем, јавор, јасен, костен, дива маслинка, даб, аризонски чемпрес, јасен и бреза, или вкупно 2.928.765 стебла.

Општината Демир Хисар има 9497 жители, односно површина од 48013 хектари. Според критериумите за распределба, за пролетниот дел од акцијата „Ден на дрвото“ ќе добие 37552 најразновидни видови садници што ќе бидат засадено во координација со локалното Шумското стопанство „Бигла“.